Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за правни работи-

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ

| Примено: | 01-04-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 17 | 1829 | 52 | |

Архивски број: 19-3307/2
Датум: 01-04-2019

До
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

ПРЕДМЕТ: Годишен извештај за работата на координаторот и заменик – координаторот за еднакви можности на жените и мажите

Почитувани,

Согласно со член 11 став 8 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл.весник на РМ" бр.6/12, 166/14 и 150/15) и Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите во органите на државната управа („Сл.весник на РМ" бр.46/15), во прилог на овој допис, Ви доставуваме Годишен извештај за работата на координаторот и заменик - координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за финансии, за периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.

Годишниот извештај го доставуваме во форма на образец „Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите".

Со почит,

Министер за финансии
д-р Драган Тевдовски

Прилог: како во текстот;
Изработил: Марија Митевска
Проверил: Виктор Митевски
Одобрил: Елена Трпковска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 - 640
www.finance.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 19-3307/1
01-04-2019 201__ год.
01-04-2019 СКОПЈЕ

# Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## I. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Орган на државна управа (назив) | Министерство за финансии на Република Македонија |
| Изработил (име, презиме и функција) | Марија Митевска, координатор за еднакви можности |
| Период на известување | 01.01.2018 година – 31.12.2018 година |
| Датум на поднесување на извештајот | ___.___ .2019 година |

Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност

Датум, 01-04-2019

Име и презиме

д-р Драган Тевдовски
Министер за финансии

Потпис ______

(Одговорно лице во органот на државна управа)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

______________________

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

Потпис

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

| |
|---|
| 2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)<br>А) Позитивни<br>Б) Охрабрувачки<br>В) Програмски<br><br>Министерството за финансии во Родово буџетската изјава од 2018 година, за проектот „Купи куќа, купи стан" и Купи куќа за млади" има предвидено позитивна мерка. |
| 2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка): Во период од три години ќе се следи примената на мерката од родово буџетската изјава за што ќе се изготвува извештај за родово одговорно буџетирање.<br><br>2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])<br>Во Програмата се предвидени два аутпут индикатори и тоа: број на лица од женски пол кои го решиле станбеното прашање преку проектот „Купи куќа, купи стан" и Купи куќа за млади" и висината на месечните примања на лицата од женски пол кои аплицирале за наведениот проект. |
| 2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот / |

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

| |
|---|
| 3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:<br><br>-Врз основа на Решение за формирање на Работна група за спроведување на родова буџетска анализа на Програмата „Купи куќа, купи стан" бр.03-6598/1 од 28.11.2016 година, работната група изработи Родово буџетска изјава за избраната Програма „Купи куќа, купи стан" и Купи куќа за млади", заведена под бр.19-1202/1 од 12.02.2018 година. |

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| 3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):<br>Програмата на која е извршена родово буџетска анализа се спроведуваше во 2018 година, за која година беа предвидени и буџетски средства, наведени во самата изјава, а резултатите од истата ќе бидат наведени во извештај за родова буџетска изјава. |
| 3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)<br><br>Во Родово буџетската изјава се наведени два индикатори за мерење на успешноста и напредокот на истата и тоа:<br><br>1. Број на лица од женски пол кои го решиле станбеното прашање преку проектите „Купи куќа, купи стан" и „Купи куќа за млади".<br>2. Висината на месечните примања на лицата од женски пол кои аплицирале за проектите „Купи куќа, купи стан" и „Купи куќа за млади". |
| 3.4: Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот: / |

## 4 СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ

| |
|---|
| 4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?<br><br>Во изминатата 2018 година, а согласно член 11 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл.весник на-РМ" бр.6/12, 166/14 и 150/15), Министерството за финансии избра програма за родово буџетска анализа. Како Програма за спроведување на родово буџетската анализа се избра Програмата „Купи куќа, купи стан" и „Купи куќа за млади". За изработка на оваа анализа со решение на министерот за финансии беше формирана работна група, која ја изготви анализата и врз основа на истата изработи и Родово буџетска изјава. За изработка на анализата членовите на работната група учествуваа на неколку обуки организирани од страна на Министерството за труд и социјална политика и UN Women. Во Родово буџетската изјава е даден краток осврт на избраната програма, со анализа на состојбата, предложени интервенции во врска со програмата, аутпут индикатори, очекувани резултати од програмата, како и извор на средствата за истата. |

4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?
а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси

Базата на податоци со која располага Министерството за финансии е разделена по пол. Имено, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии заклучно со ден 27.03.2019 година, ја даваме следната состојба на систематизирани пополнети работни места на административни службеници по категории и нивоа на звања.

Во категоријата Б, ниво Б1, на работно место со звање државен советник распоредени се 7 административни службеници, од кои 5 жени и 2 мажи, додека на ниво Б2 на работно место со звање раководител на сектор распоредени се вкупно 12 административни односно државни службеници, од кои 6 жени и 6 мажи. Исто така, во категоријата Б, на ниво Б3, на работно место помошник раководител на сектор распоредени се вкупно 21 државен службеник, од кои 15 жени и 6 мажи, а на ниво раководител на одделение распоредени се 59 државни службеници, од кои 40 жени и 19 мажи. Во категоријата В, ниво В1, на работно место советник распоредени се 139 државни службеници, од кои 93 жени и 46 мажи, а на ниво В2, на работно место виш соработник распоредени се 35 државни службеници, од кои 21 жена и 14 мажи. На работно место соработник, ниво В3, распоредени се 15 државни службеници, од кои 9 жени и 6 мажи, додека на работно место помлад соработник, ниво В4, распоредени се 152 државни службеници, од кои 95 жени и 57 мажи.
Во категоријата Г, на ниво Г1, самостоен референт распоредени се вкупно 78 државни службеници од кои 55 жени и 23 мажи, додека на работно виш референт, ниво Г2, распоредени се 21 државни службеници, од кои 15 жени и 6 мажи. Во категоријата Г, на ниво Г3, на работно место референт распоредени се 7 државни службеници, од кои 6 се жени, а 1 маж, додека на ниво Г4, на работно место помлад референт вработени се вкупно 32 државни службеници, од кои кои 19 жени и 13 мажи. Во Министерството за финансии вработени се вкупно 52 работници од кои 26 жени и 26 мажи.

* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)
- Табела по пол согласно категории и нивоа на звања на административни службеници и работници во Министерството за финансии (вклучувајќи ги и вработените во Управата за имотно правни работи како орган без својство на правно лице);

б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн). Во Родово буџетската изјава за Програмата „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“ е наведен вкупниот број на одлуки донесен по барањата за станбен кредит, а согласно со Законот за субвенционирање на станбен кредит. Воедно, во изјавата е направена распределба на корисниците по пол и брачен статус (венчани и невенчани), за вкупниот период за кој е извршена анализата од 2012-2016 година.
* приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени корисници</u>, целни групи итн. Родово буџетска изјава;

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.

Опишете според:

а) Постигнати резултати

Министерството за финансии изработи родово буџетска изјава со која е опфатена Програмата „Купи куќа, купи стан" и „Купи куќа за млади".

б) Реализирани активности

- Изготвена е родово буџетска изјава со која е опфатена Програмата „Купи куќа, купи стан" и „Купи куќа за млади".

в) Индикатори за мерење успешност /

г)Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства /

5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?

-Надлежностите на координаторот и заменик координаторот се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии.

Прилог:Извадок од Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии;

5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?

1.Работилница за планирање на идните интервенции во областа на родово одговорното буџетирање одржана во месец март 2018 година, во организација на UN Women.

2.Обука за постапување согласно со Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа и Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа.

Дали тие во обуките се јавиле како: а) слушатели – да б) обучувачи

5.4.Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:

1. Две лица од Секторот за буџети и фондови при Министерството за финансии, учествуваа на обука за родово буџетирање, во организација на Joint Viena Institute, во Виена (февруари 2018 година);

2.Едно лице учествуваше на регионална работилница на тема Антидискриминација на ромите во поширокиот регион Берлин, Германија ( февруари 2018 година);

3.Координаторот за родова еднаквост присуствуваше на регионална конференција одржана во Дубровник, Република Хрватска, на тема Регионална едукација за поддршка на жртви, меѓународни обврски и надоместоци на жртвите од казнени дела.

4.Вработен од Секторот за буџети и фондови учествуваше на втор состанок на работната група за развој на регионалните стандарди за одговорен буџет на Ромите, во организација на Regional Cooperation Council, Букурешт, Република Романија (јули 2018);

| |
|---|
| 5. Вработен од Секторот за буџети и фондови учествуваше на трет состанок на работната група за развој на регионалните стандарди за одговорен буџет на Ромите, во организација на Regional Cooperation Council во Рим, Република Италија (ноември 2018);<br>а) координатор за еднакви можности – да<br>б) заменик координатор за еднакви можности – / |
| 5.5. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ? / |
| 5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни? / |

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

| |
|---|
| 6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале:<br>Промовирање на еднаквите можности на мажите и жените, со можност за нивно унапредување преку програмата за која е изработена родово буџетската анализа. |
| 6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса:<br>Размена на искуства, соработка и партиципирање на обуки за родово одговорно буџетирање. |
| 6.3. Наведете примери за научени лекции – Спроведените обуки за родово креирање политики и буџетирање, овозможија успешно да се изработи родова буџетската изјава на Министерството за финансии за за Програмата „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“. |

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

| |
|---|
| 7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кои што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)<br>Спроведување на активности согласно родово буџетска изјава за избраната Програма „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“, односно следење на нејзината имплементација и изготвување на извештај родово одговорно буџетирање. |

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост

-Предлагаме одржување на координативни состаноци со координатори/заменици координатори од други институции кои се надлежни за имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, а со цел запознавање со механизмите на родовата еднаквост и рамноправност, како и преземање на заеднички иницијативи за спроведување на родовата перспектива и целта на законот.

б)Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми

-Обуки за имплементација на горенаведената стратегија со планирање и организација на соодветни проекти во надлежните институции/сектори.